


СВЕТСКИ МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС

НЕ ПОСТОИ МАКЕДОНСКИ ИРЕДЕНТИЗАМ, ТУКУ ГРЧКА ОКУПАЦИЈА ВРЗ МАКЕДОНИЈА И ГЕНОЦИД ВРЗ МАКЕДОНЦИТЕ!

24 јануари 2018 година, Скопје, Македонија - Светскиот Македонски Конгрес (СМК) најостро ја осудува изјавата на кипарскиот претседател Никос Анастасијадис кој ја обвини Македонија за иредентизам!

СМК повторува дека не станува збор за македонски иредентизам, туку за грчка окупација врз Македонија и геноцид врз Македонскиот народ од Балканскит војни 1912-1913 година до денес!

Иредентизам не е љубовта кон својот роден крај од каде што Македонците со етничко чистење насилно се прогонети!

СМК ја потсетува Атина дека Меѓународниот суд на правдата во Хаг по тужба на Македонија, на 5 декември 2011 година едногласно одлучи дека Грција ја прекршила македонско-грчката Привремена согласност од 13 септември 1995 година! Меѓународниот суд на правдата во Хаг ги отфрли обвинувањата на Атина за постоење на македонски иредентизам!

СМК укажува дека шеснаесет-зрачното златно-жолто сонце на црвена основа претставува семакедонски симбол, тоа нема врска со културно-историското наследство на Атина!

Простуваме, но не забораваме! Бараме извинување и репарации за штетите по животите и имотите на насилно прогонетите Македонци и експлоатацијата на природните ресурси и археолошките ископувања во окупираниот Егејски дел на Македонија од 1912 година. Бараме враќање на државјанствата, граѓанските, имотните и наследните права на насилно прогонетите Македонци од окупираниот Егејски дел на Македонија од 1912 година!

И покрај се' и после се', Македонците сметаат дека културата и историјата на Македонија не се ексклузивно право, туку дел од културно-историскиот идентитет на сите балкански демоси како современи политички нации во чијашто основа е македонскиот етнос, независно од разликите во читањето на историјата од аспект на актуелната геополитика, дури и независно од разликите меѓу современите литературни јазици како производ на современите политички нации!

Македонците подаваат рака за историско македонско-грчко помирување, Македонците предлагаат владите во Скопје и Атина да склучат Договор за траен мир и добрососедство меѓу Македонија и Грција што ќе ја замени македонско-грчката Привремена согласност од 13 септември 1995 година!